**ГОДИШЕН ПЛАН НА УЧИЛИШНИОТ ПАРЛАМЕНТ за учебна 2014/2015година**

Активностите во овој годишен план се земаат во предвид да започнат од месец септември и ќе се изведуваат во текот на целата учебна година.

**СЕПТЕМВРИ**
- Да се направи список за дежурање со што ќе се избираат по двајца ученика кои ќе дежурат на влезот на училиштето и ќе водат евиденција за влегување на други лица кои не се дел од нашето училиште.
- Училишниот парламент за добра рекреација да изврши еднодневна прошетка до Водно.

**ОКТОМВРИ**
- Да се направи анкета за тоа колку се носи униформата на наставата во училиштето.
- За убав спомен и голема помош Училишниот Парламент да обезбеди да се направи голема хумана акција со што секој ќе може да донира било што (парични средства или некоја облека) , а сето тоа потоа или ќе се даде на некои ученици од нашето училиште или да се однесат во Црвен Крст.

**НОЕМВРИ**
- Изготвување реклама за нашето училиште од страна на Училишниот Парламент.
- Да се направи анкета на учениците во училиштето, а прашањата да бидат поврзани со состојбата во училиштето и со атмосферата на часовите.

**ДЕКЕМВРИ**
- За дочекот на новата година може да се подготват неколку ученици облечени во дедо мразовци кои ќе возат велосипед во училишниот двор. А исто така да има и баба мразици кои ќе ги бркаат дедо мразовците на велосипедите.
- Разговор за подобрување на успехот на слабите ученици и преземање некои мерки или пак предложување идеи во врска со слабиот успех.

**ЈАНУАРИ**
- Подготовка и земање учество на некои ученици на натпреварот ТМФ наноматеријали кој се одржува само помеѓу средните училишта во Македонија. Овој натпревар се организира од страна на Технолошко-металуршкиот факултет.
- Учениците од Училишниот Парламент да извршат еднодневна екскурзија на Пелистер.

**ФЕВРУАРИ**
- За добра забава и убаво дружење Училишниот Парламент може да оди на еднодневна екскурзија во Маврово.
- За добро уживање и кратка прошетка училишниот парламент може да изврши посета на кино во кое има 3D технологија.

**МАРТ**

- Големите проекти изработени во нашето училиште како што е движечкиот механизам да се претставаат на Робомак 2014.
- За одлично дружење со деца од друга држава и со претставување на нашите проекти на училиштето треба да бидеме дел од фестивалот за наука "Наук није баук" кој се одржува секоја година во Ниш.

**АПРИЛ**

- Одбележување на 1 април денот на шегата, со што неколку ученици ќе се маскираат во некој вид зелено суштество. Зелената боја ја претставува шегата и маската треба да изгледа многу смешна. Тие ќе влегуваат изненадно на часовите, ќе изведуваат некои смешни гримаси и гестови бркајќи се низ училницата и без ништо да кажат си излегуваат. Влегувањето на часовите да трае минута до две највеќе.
- Во чест ден на велосипедот 19 април за да докажеме дека и ние спортуваме и дека ја чуваме нашата средина од загадување со автомобилите , ученици од училишниот парламент со своите велосипеди да се подредат во колона и така да возат низ градот.
- За докажување и покажување кој колку знае и умее учениците од нашето училиште да земат активно учество на натпреварот 50-ти државен натпревар на млади истражувачи кој се организира од страна на Народна Техника на Република Македонија. А ние од Училишниот Парламент сме тука да ги подржиме. Повеќе информации на официјалната страна на народна техника www.atcm.org.mk

**МАЈ**

- Велигден е голем христијански празник кој учениците од парламентот може да го одбележат со што ќе бидат маскирани во јајца кои на првиот кат во училиштето ќе играат некое велигденско оро во круг, тие самите да смислат кореографија. А два до три ученика исто така облечени во јајца може да возат ролери и да туркаат со стап.
- Со помош на професорите кои го организираат "Tehno Science" отворен ден на нашето училиште. Ние како Училиштен Парламент треба најмногу да ја подржиме оваа организација.
- Да се направи листа на ученици кои сакаат да бидат дел од рекреативно трчање на Скопскиот маратон.

**ЈУНИ**

- Да се организираат спортски натпревари во фудбал, кошарка и трчање само за учениците кои учат во училиштето.

Членовите на Парламент